**ГРАД СКОПЈЕ**

**КОМИСИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА**
**ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ
## ЗА 2022 ГОДИНА

Скопје, февруари 2023 година

Согласно  член 42 став 8 од Закон за заштита на правата на пациентите („Службен весник на РМ“ бр.82/08, бр.12/09, бр.53/11,бр.150/15,  бр.190/19 и бр.122/21) ,  Комисијата за унапредување на правата на пациенти на Град Скопје го поднесува пред Советот на Град Скопје за усвојување

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

**ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ  ЗА 2022 ГОДИНА**

**Општи информации за Комисијата**

Согласно Законот за заштита на правата на пациентите (“Службен весни на РМ бр.82/2008, 12/2009), според кој општините и Градот Скопје се должни да формираат постојана Комисија и да отворат канцеларија за унапредување на правата на пациентите, во согласност со прописите од областа на локалната самоуправа, Градот Скопје на 46 -та  седница одржана на 07.07.2011 година ја усвои Одлуката за формирање Комисија за унапредување на правата на пациентите. која тогаш се состоела од девет члена,а по Статутарната одлука за изменување на Статутот на Град Скопје бр 27-3331/1 од 31.03.2022 година,Комисијата се состои од единаесет члена .Канцеларијата на Комисијата за унапредување на правата на пациентите на град Скопје е лоцирана во просториите на градот Скопје, барака 2, канцеларија 8.

**Комисијата според законот е составена од единаесет члена**, кои се избрани од страна на Советот на Град Скопје и тоа: двајца претставници на пациентите – членови на здруженијата на пациенти, двајца претставници на невладините организации кои се занимаваат со човековите права и граѓански иницијативи, еден претставник од здружение кое се занимава со правата на жените, еден претставник од здруженијата за заштита на правата на лицата со попреченост, двајца лекари од општините и тројца членови делегирани од Советот на Град Скопје. Мандатот на членовите на Комисијата изнесува две години со право на уште еден последователен избор. Во состав на Комисијата се формирани три работни групи и тоа:

- работна група за информирање и односи со јавноста
- работна група во однос на прашањата од медицинската област
- работна група во однос на прашањата од правната и организационата област.

**Надлежностите на Комисијата** се во делот на:

- Унапредување на правата на пациентите и нивната заштита
- Следење и проценка на состојбата со заштитата на правата на пациентите
- Предлагање мерки за подобрување на заштитата на правата на пациентите до надлежните органи
- Соработка со надлежните органи
- Разгледување на поплаки од пациенти и предлагање за преземање на мерки до надлежни органи
- Барање експертиза ако оцени дека тоа е неопходно за утврдување на состојбата
- Водење евиденција за поединични поплаки на пациентите, како и на мерките преземени за заштита  на правата на пациентите

- Подготвување и издавање извештај за заштитата на правата на пациентите, пред Советот на Градот Скопје.
- Издавање информации, промотивен и друг материјал со цел за унапредување на правата на пациентите и
- Вршење други работи пропишани со Законот за заштита на правата на пациентите.

Извештајот се однесува на периодот од конституирање на Комисијата ( 21.09.2022 година) до крајот на минатата година.

Во овој тримесечен период, Комисијата одржа 6 редовни седници, оствари средби со 4 здруженија на пациенти и разгледа 2 претставки од пациенти. Вонредни седници не се одржувани.

Врз основа на Годишната програма за работа и Планот за работа на Комисијата за унапредување на правата на пациентите во 2022 година ги реализираше следните активности:

- Во 2022 година Комисијата редовно заседаваше во периодот од септември до декември 2022година.

  Комисијата работи во состав од 11 членови. Во составот на Комисијата се претставници кои се членови на здруженија на пациенти, претставници на невладини организации кои се занимаваат со човекови права и граѓански иницијативи, самостојни апликанти од областа на здравството и претставници на Советот на Град Скопје.

  Составот на Комисијата е следен: Советници од Совет на Град Скопје се : Жаклина Шопова, Никола Пановски, Катерина Јовановска, Весна Дамеска – Единство на заедниците од Скопје, Бети Живадиновиќ - Здружение за развој на општествено социјални иновации ВАКЕ УП-Скопје, Бранкица Дуковски- Здружение на граѓани за заштита и унапредување на родовата еднаквост-РОДОС Скопје, Анета Георгиевска - МОЗАИК.МК, Душко Ѓорѓиев - Републичко здружение на бубрежно болни граѓани НЕФРОН Скопје, Петар Атанасовски - самостоен апликант-Специјалист невролог, Ромир Јашаревиќ-самостоен апликант-Специјален едукатор и рехабилитатор и Весна Маркоска-Здружение за едукација и тренинг-ЦЕТ ПЛАТФОРМА.

- Комисијата донесе и усвои Годишен план за работа за 2022 год. и Деловник за работа на Комисијата согласно кој е работено.
- На конститутивната седница беа избрани претседател, негов заменик и записничар. За Претседател на Комисијата едногласно е избран Никола Пановски, за заменик претседател е избрана Жаклина Шопова,а за записничар е избран Ромир Јашаревиќ.
- Во тек на 2022 год.се реализирани средби со претставници на здруженија на пациенти кои пред Комисијата ги изнесуваа своите потреби и предизвици со кои се соочуваат. Средби се одржаа со претставници на четири здруженија и тоа : Републичко здружение на бубрежно болни граѓани НЕФРОН од Скопје , кој пред Комисијата ги презентираа проблемите во врска со негата и лекувањето на пациентите, посебно осврнувајќи се на состојбата со дијализа во земјава. Претседателката на здружение на пациенти со спинална мускулна дистрофија СТОП СМА ја запозна Комисијата со проблемите и предизвиците за функционирањето на овие лица во секојдневниот живот. Претставникот на здружението БАЛАНС МК и Сојуз на здруженија на дијабетичари ,пред Комисијата презентираше податоци за подемот на оваа болест и истата ја запозна со проблемот на здружението во кое членуваат родители на деца болни од дијабет тип 2, за секојдневните предизвици на членовите, а посебен акцент се стави на децата.

Врз основа на разговорите со здруженијата, истите беа упатени за дел од активностите да конкурираат на јавните повици кои редовно ги распишува Град Скопје врз основа на неговите Програми. Комисијата ќе побара и поддржи проширување на позитивната листа на лекови од МЗ и ФЗОМ. Од аспект што сите три члена на Комисијата од редот на Совет на Град Скопје се истовремено и членови на Комисијата за социјална и здравствена заштита, а Жаклина Шопова е воедно и претседател на истата,на состанокот на 22.12.2022 се донесе едногласна одлука да се предложи во Буџетот за 2023 година на Град Скопје, да се внесе ставка за набавка на инсулински торби за 300 деца од Скопје болни од дијабет тип 2. Истото беше прифатено на Седница на Совет на Град Скопје и е дел од Буџетот на Град Скопје за 2023 година.

- Во 2022 година до Комисијата се пристигнати 2 претставки од пациенти. Комисијата ги разгледуваше и донесе заклучоци и одговори на подносителите на претставките. На третата седница одржана на 25.10.2022 год. се констатираше дека намалениот број на претставки од граѓани се должи на необјавување на веста на официјалната веб страна на Градот за повторно активирање на Комисијата во нов состав. Се инсистираше до одговорните служби во Град Скопје информацијата да се спроведе,и веста за повторно функционирање на Комисијата да биде објавена на веб страницата. До крајот на годината веста и линкот не беа поставени на веб страната на Град Скопје.Информацијата беше споделена на официјалната веб страна на Град Скопје на 10.02.2023 година.

.

Скопје, 10.02.2023 год.

Претседател

Никола Пановски